Бр: 10-86
Скопје: 30.09.2020

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр.10-86 од 24.09.2020 година поднесено од страна на Фондот за иновации и технолошки развој како давател на државна помош, за Правилникот за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, на седницата одржана на 30.09.2020 го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 02-756/10 од 23.09.2020 година ( Наш број 10-86 од 24.09.2020 година) поднесено од страна на Фондот за иновации и технолошки развој, како давател на државна помош, за Правилникот за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, утврди **дека доделувањето на финансиските средства преку иновациски ваучери претставува помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не е државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/2011).

## Образложение

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Фондот за иновации и технолошки развој постапувајќи согласно обврската од член 13 од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување за планирано доделување на помош бр.10-86 од 24.09.2020 година во врска со Правилникот за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери.

Со оглед на фактот дека поднесеното известување ги содржи потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10) како ден на прием на уредно известување се смета 24.09.2020 година.

КЗК во законски предвидениот рок го испита доставеното известување и утврди дека доделување финансиски средства преку Правилникот за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери претставува **доделување на помош од мало значење (de minimis).** Фондот за иновации и технолошки развој со Правилникот за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери доделува иновациски ваучери чија цел е поттикнување на соработката помеѓу претрпијатијата и академските и научно-истражувачките установи во насока на спроведување иновациски активности, со што претпријатијата ќе ја зголемат својата конкурентност.

Согласно овој Правилник, иновациските ваучери може да се користат за покривање до 80% (осумдесет проценти) од вкупните трошоци на научно-истражувачките услуги, во максимален износ од 500.000 (петстотини илјади) денари (МКД) , без данок на додадена вредност (ДДВ) и е во согласност со член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Исто така , во Правилникот е наведено дека износот на средства доделени преку иновациските ваучери не смее да биде во спротивност или да ги нарушува правилата за доделување на државна помош од мало значење ( de minimis)- дефинирани во Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 141/11).

Во Правилникот за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери , јасно се дефинирани критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни, меѓу кои критериуми се наведени и условите за доделување на de minimis помош согласно Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Имено, согласно член 9 од Законот за контрола на државната помош, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.Условите и постапката за доделување на помош од мало значење се утврдени во Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Во таа насока, помош од мало значење може да се додели само доколу истата кумулативно ги исполнува условите од член 3 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Исто така, во однос на евидентирањето на помошта, согласно член 8 став (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis), Фондот за иновации и технолошки развој треба да води прецизна евиденција во врска со секоја доделена помош, а особено за износот, примателот, времето, целта и начинот на доделување на помошта и истата треба да ја чуваат 10 години од денот на кој последен пат ја доделиле. За таа цел, а согласно член 8 став (3) од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis), Фондот треба до Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги достави податоците за секоја доделена помош на пополнет образец даден во Прилог кој е составен дел од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Имено, Фондот треба да пристапи кон пополнувањето на овој образец откако ќе бидат познати корисниците на помошта, и истиот согласно член 8 став (4) треба да се достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата

пред доделувањето на помошта, а доколку тоа не е можно, веднаш штом тоа е можно.

Заради горенаведеното, КЗК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**